РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.37.УП.016.01

# УПАТСТВО
# ЗА ВРАЌАЊЕ НА АКЦИЗА ЗА ОБЕЛЕЖАНО ГАСНО МАСЛО И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС УПОТРЕБЕНИ ВО ИНДУСТРИЈАТА И ДОМАЌИНСТВАТА

АВГУСТ 2023

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | | 5 |
| 01 | 11-08-2023 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15,61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на РСМ" број 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ВРАЌАЊЕ НА АКЦИЗА ЗА ОБЕЛЕЖАНО ГАСНО МАСЛО И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС УПОТРЕБЕНИ ВО ИНДУСТРИЈАТА И ДОМАЌИНСТВАТА

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат надлежните организациони единици на Царинската управа на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Царинската управа) и Комисијата за контрола на исполнетоста на условите за регистрација на корисник за враќање на акцизата, при враќање на дел од акцизата за обележано гасно масло употребено за греење во домаќинствата или во процес на производство и течен нафтен гас (ТНГ) употребен како погонско гориво во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата на лицата кои имаат право на враќање на дел од платената акциза.

2. Правната основа за враќање на платената акциза од точка 1 на ова Упатство се одредбите на членовите 98, член 98-а и 98 –б од Законот за акцизите[1]

3. Одредени поими користени во ова Упатство го имаат следново значење:
   - Надлежни организациони единици во Царинска управа кои имаат обврска да презвемаат активности за постапување по ова упатство се: Сектор за акцизи (СА), Сектор за контрола и истраги (СКИ), Сектор за правни работи (СПР), Сектор за финансиски прашања (СФП), Одделение за контрола на трговски друштва (ОКТД) и царинарниците.
   - СОЦДАД е електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи составен од повеќе модули, кој служи за размена на пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и систем преку кој економските оператори преку порталот за

[1] Законот за акцизите со сите измени и дополнувања, како екстерен акт е објавен во Депозитарот на документацијата на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документацијата .

трговци поднесуваат акцизни декларации поврзани со акцизните постапки.

- Комисија за контрола на исполнетоста на условите за регистрација на корисник за враќање на акцизата обележано гасно масло или ТНГ е комисија определена од директорот на Царинската управа.

4. Надлежен сектор во Царинската управа за координирање со поднесените барања за враќање на платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење и за ТНГ употребен како погонско гориво во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата е Секторот за акцизи.

5. Контролата на исполнетоста на условите за регистрација на корисник за враќање на акцизата обележано гасно масло или ТНГ употребено како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата согласно ова Упатство, ја спроведува Комисија, определена од директорот на Царинската управа, а која ја сочинуваат царински службеници од месно надлежните царинарници, со мандат од една година.

6. Контролата на условите за одобрување на враќање на дел од платената акциза за обележано гасно масло употребено како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата како и за враќање на акцизата за ТНГ согласно ова Упатство, ја спроведува СКИ – ОКТД, а враќањето на акцизата се врши после потврда од Секторот за финансиски прашања дека барателот нема неподмирени царински давачки (долг) по решенија/декларации спрема Царинската управа и потврда од Секторот за правни работи дека против барателот не се водат управни постапки од кои би можел да настане царински долг.

7. Надлежните организациони единици на Царинската управа според одредбите на ова Упатство се должни меѓусебната комуникација да ја вршат на начин определен со одредбите на Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС[2]

---

2 Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС е објавен во депозитарот на документација согласно Процедурата за депозитар на документација

## II.Упис во евиденцијата на корисници на обележано гасно масло наменето за греење или на ТНГ употребен во процес на производство

8. За остварување на правото за враќање на платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење или ТНГ употребен во процес на производство барателот треба да биде евидентиран во евиденцијата на корисници на обележано гасно масло и ТНГ во СОЦДАД и да добие идентификациски број.

9. Барањето за евидентирање се поднесува во електронска форма во модулот Управување со економски оператори (MEOS) во СОЦДАД. Истовремено во хартиена форма преку архивата на Царинската управа, се поднесуваат следниве придружни документи:

а) За физички лица корисници на обележано гасно масло за греење :
- доказ за сопственост на објектот (имотен лист) каде се складира и користи обележаното гасно масло за греење или доказ за изнајмување на објектот (договор за изнајмување),
- документ за опремата за користење на обележанота гасно масло за греење (документ за набавка на опремата или изјава со технички карактеристики на опремата за складирање и користење на обележаното гасно масло),
- изјава од барателот дека се согласува Царинската управа да изврши физичка контрола во неговите простории каде што е сместена опремата, заради физичка проверка на исполнетоста на условите за враќање на дел од платената акциза,
- потврда од банка дека наведената трансакциска сметка во барањето е сопственост на барателот или копија од трансакциската сметка.

б) За правни лица корисници на гасно масло или ТНГ:
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија или потврда од Регистарот за занаетчии не постара од шест месеци,
- Документ за технички карактеристики и капацитет на опремата за складирање и употреба на обележаното гасно масло или ТНГ кој може да биде документ за набавка на опремата или извод од сметководствена евиденција,
- Изјава за капацитетот на опремата за сладирање (резервоари) на обележаното гасно масло или ТНГ,

- Документ со детален опис за начинот на користењето на обележаното гасно масло или ТНГ во процес на производство и
- Изјава со податоци за локациите каде се користи обележаното гасно масло или ТНГ.

10. Проверка на поднесените барања во електронска форма во СОЦДАД модул MEOS врши началникот на Одделението за енергенти и електрична енергија и моторни возила или од него назначен самостоен советник/советник во одделението. Пребарувањето се врши со избирање на подменито „Управување со одобрение", при што се избира менито „Пребарај барање", во вид на одобрение се избира „Барател на поврат на акциза", а во подвид на барање се избира соодветниот корисник. Поднесените барања во хартија, началникот на Одделението ги распределува за работа на самостојните советници/советници.

11. Формалната проверка на поднесените барања во МЕОС врши самостојниот советник/советник во Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила и тоа истиот или наредниот работен ден од поднесеното барање во хартија. Формалната проверка вклучува проверка на внесените податоци во електронското барање и споредба на доставените прилози кон барањето.

12. Сите барања за евиденција за корисници на обележано гасно масло наменето за греење, се предмет на теренска контрола, додека контрола кај подносителите на барања за евиденција на корисници на ТНГ, се врши по потреба. Доколку барањето е правилно и целосно пополнето, самостојниот советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила во рок од 2 работни дена изготвува барање за вршење теренска контрола. Барањето оверено од началникот на Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила и помошник директорот на Сектор за акцизи преку е-ДМС се доставува до Комисијата за вршење контрола.

13. Доколку барањето не е правилно пополнето или е непотполно, самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила во менито „Дејства" избира „Побарај дополнителни податоци", со што барателот добива информација за дополнителните податоци кои треба да ги достави електронски и во хартиена форма во одреден рок, не подолг од 8 работни дена. Откако дополнителните податоци ќе бидат доставени и проверени, самостојниот советник/советник во рок од 2 работни дена изготвува барање за вршење теренска контрола. Барањето оверено од началникот на Одделение за

енергенти и електрична енергија и моторни возила и помошник директорот на Сектор за акцизи преку е-ДМС се доставува до Комисијата за вршење контрола. Доколку податоците не се доставени во определениот рок, самостојниот советник изготвува решение за отфрлање на барањето како непотполно на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[3], кое го потпишува помошник директорот на Секторот за акцизи, а во менито „Дејства", избира „Откажи барање".

14. Теренска контрола на исполнетост на условите за враќање на акциза на обележано гасно масло наменето за греење подразбира да се изврши увид во:
    - точната локација на складирањето и користењето на обележаното гасно масло наменето за греење, капацитетот на резервоарите и
    - техничките карактеристики на опремата за користење на обележаното гасно масло за греење во домаќинствата или во процесот на производството или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата.

15. За извршениот увид на локацијата каде се користи обележано гасно масло наменето за греење, Комисијата е должна да направи фото запис - слика од локацијата каде се користи обележано гасно масло наменето за греење и да состави и потпише 01.30.37.УП.016.01-ОБ.01.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата или 01.30.37.УП.016.01-ОБ.02.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата -ЗУЈ[4] и 01.30.37.УП.016.01-ОБ.03.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата или 01.30.37.УП.016.01-ОБ.04.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата-ЗУЈ[5], во три

---

[3] Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа со сите прилози е објавено во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата

[4] Обрасците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ (Закон за употреба на јазиците) се издаваат/користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката (учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

[5] Обрасците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ (Закон за употреба на јазиците) се издаваат/користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката (учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

примероци. Во случај кога се работи за користење на обележано гасно масло за греење или ТНГ во процесот на производството или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, Комисијата во Записникот подетално го опишува процесот каде се употребува обележаното гасно масло за греење.

Еден примерок од записникот во оригинал преку архивата на Царинската управа и преку ЕДМС се доставува до Одделението за енергенти и електрична енергија и моторни возила, а еден примерок во оригинал му се доставува на подносителот на барањето.

16. Доколку Записникот за извршена теренска контрола содржи констатација дека обележаното гасно масло се користи за греење во домаќинствата, како гориво за загревање во производен процес или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила во Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила, во модулот МЕОС –Управување со одобрение, избира „Пребарај барања", го избира конкретното барање, внесува податоци за Записникот од теренска контрола и од менито „Дејства" избира „Прифати барање", со што барањето од статус „Регистрирано" преминува во статус „Прифатено". Понатамошната обработка на Барањето ја врши началникот на Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила, кој врши проверка на истото со сите прилози вклучувајќи го и приложениот Записник од теренска контрола и доколку податоците се во ред, во менито „Дејства", избира „Предлог за одобрување".

17. Комплетираното барање со сите приложени документи се доставува до помошникот директор на СА за одобрување. Со одобрувањето, барателот добива идентификациски број, кој понатаму ќе го користи при поднесување барања за поврат на дел од платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење или ТНГ употребен како погонско гориво или додаток на друго минерално масло употребено како погонско гориво во индустријата.

18. Доколку Записникот за извршена теренска контрола содржи констатација дека обележано гасно масло наменето за греење не се користи за греење во домаќинствата или во процесот на производството или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, односно не се исполнети условите за регистрирање во евиденцијата на корисници на обележано гасно масло наменето за греење, самостојниот советник изготвува решение за

одбивање на барањето на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, кое го потпишува помошникот директор на Секторот за акцизи, а во менито „Дејства" се избира „Одбиј барање" и се наведува причината за откажување на барањето.

## III. Барање за враќање на дел од платена акциза за обележано гасно масло наменето за греење и ТНГ употребен во процес на производство

19. Враќањето на дел од платената акциза се врши само за набавена или увезена количина на обележаното гасно масло употребено за греење во домаќинствата, во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата и ТНГ употребен во процес на производство за кое акцизата е пресметана и наплатена во висина и на начин кои се утврдени со Законот за акцизите.

20. Враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло од точка 19 на ова Упатство, се врши врз основа на поднесено барање. Барањето се поднесува во електронскиот систем СОЦДАД во модулот Акцизи. Барањето освен електронски се поднесува и во хартиена форма преку архивата на Царинската управа, заедно со прилог потребните документи.

21. Началникот на Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила, секојдневно врши проверка на поднесени барања од претходната точка во модулот Акцизи со избирање „Декларации за акцизи", подмени „Поврати на акцизи". Потоа се избира подменито „Пребарување на барање за поврат", при што во полето „Вид на корисник за поврат" се избира „Корисник на обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства", „Корисник на обележано гасно масло кое се користи за греење во процес на производство" или „Корисник на течен нафтен гас како погонско гориво" . Поднесените барања со придружната документација ги распределува за работа на самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила во Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила.

### III.1. Потребни документи кон Барање за враќање на дел од платена акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата

22. Самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила врши проверка на поднесените барања за враќање на дел од платената

акциза и тоа најкасно во рок од 5 работни дена од нивното поднесување во хартиена форма. Кон поднесеното барање, потребно е да бидат приложени следните придружни документи :

- Фактура или фискална сметка за набавено обележано гасно масло за греење во домаќинство, во која се содржани податоци за набавената количина во литри и износот на платената акциза;
- Доказ од кој може да се утврди датумот на испорака (Испратница од продавачот со датум на испорака уредно заверена со потпис од лицето кое извршило достава);
- Потврда од Управата за јавни приходи не постара од 30 дена со која се потврдува дека лицето ги има подмирено даночните долгови, во оригинал.

Покрај горенаведените документи, самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила, за секое лице барател на враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата, потребно е да обезбеди и потврда од Одделението за наплата на приходи при СФП, со која се потврдува дека барателот нема неизмирени долгови спрема Царинската управа.

### III.2. Потребни документи кон Барање за враќање на дел од платена акциза за обележано гасно масло наменето за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата

23. Кон првото поднесено барање во годината, потребно е да бидат приложени следните придружни документи :
    - Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија ( не постара од 6 месеци, копија);
    - Детален опис на дејноста за која се користи обележаното гасно масло наменето за греење во процесот на производство;
    - Детален опис на местото и локацијата на производството каде што се користи обележаното гасно масло наменето за греење, складишните простори и/или простории, како и опремата која се користи за греење;
    - Фактура за набавено обележано гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење или царинска декларација за увезено гасно масло наменето за греење во која се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и

износот на платената акциза во висина утврдена со Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба ( Сл. весник на РСМ број 169/2020) и Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (Сл. весник на РСМ број 77/21);

- Докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење за домаќинство (Испратница од продавачот со датум на испорака, уредно потпишана од лицето кое извршило испорака);
- Потврда од Управа за јавни приходи не постара од 30 дена (оригинал) како доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни обврски и
- Докази за оправданоста за враќање на дел од платената акциза од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на обележаното гасно масло наменето за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, во периодот за кој се бара враќање на дел од платената акциза. Како докази за оправданоста на враќањето прифатливи се следните документи од сметководствената евиденција на барателот:издатница/ испратница со која обележаното гасно масло се издава за потрошок во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, норматив за потрошок на обележаното гасно масло кое се издава за потрошок во процес на производство или се користи како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, изјава на одговорното лице на барателот за потрошено обележано гасно масло за греење во претходната година, распоредена по месеци и изјава на одговорното лице на барателот за планирана потрошувачка на обележано гасно масло за греење во тековната година, распоредена по месеци.

24. Кон секое наредно барање во текот на годината, потребно е да бидат доставени следните документи:
    - Фактура за набавено обележано гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење или царинска декларација за увезено гасно масло наменето за греење во која се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и износот на платената акциза во висина утврдена со Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна

состојба ( Сл. весник на РСМ број 169/2020) и Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (Сл. весник на РСМ број 77/21);
- Докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење ( Испратница од продавачот со датум на испорака, уредно потпишана од лицето кое извршило испорака);
- Потврда од Управа за јавни приходи не постара од 30 дена (оригинал) како доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни обврски;
- Изјава за непроменети услови за користење на обележаното гасно масло наменето за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, како и во периодот на првото доставено барање за враќање на акцизата во тековната година.

Покрај горенаведените документи, самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила, за секое барање за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во процес на производство, потребно е да обезбеди и потврда од Одделението за наплата на приходи – СФП со која се потврдува дека барателот нема неизмирени царински долгови и потврда од Секторот за правни работи со која се потврдува дека против барателот не се води управна постапка од која може да настане царински долг.

### III.3. Потребни документи кон Барање за враќање на дел од платена акциза за течен нафтен гас кој се употребува како погонско гориво во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата

25. Кон првото поднесено барање во годината потребно е да бидат приложени следните придружни документи :
    - Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постара од 6 месеци, копија);
    - Потврда од Управата за јавни приходи не постара од 30 дена со која се потврдува дека лицето ги има подмирено даночните долгови, во оригинал;
    - Детален опис на дејноста за која се користи течниот нафтен гас во процесот на производство;

- Детален опис на местото и локацијата на производството каде што се користи течниот нафтен гас, складишните простори и/или простории, како и опремата која се користи;
- Фактура за набавениот течен нафтен гас употребен како погонско гориво во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата или царинска декларација за увезениот течен нафтен гас во која се содржани податоците за набавената количина изразена во килограми и износот на платената акциза во висина утврдена Законот за акцизите („Сл. весник на РСМ“ број 77/21);
- Докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на течниот нафтен гас (Испратница од продавачот со датум на испорака, уредно потпишана од лицето кое извршило испорака);
- Докази за оправданоста за враќање на дел од платената акциза од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на течниот нафтен гас употребен во процес на производство или како додаток на друго минерално масло во индустријата, во периодот за кој се бара враќање на дел од платената акциза. Како докази за оправданоста на враќањето прифатливи се следните документи од сметководствената евиденција на барателот: издатница/ испратница со која течниот нафтен гас се издава за потрошок во процес на производство или како додаток на друго минерално масло во индустријата,норматив за потрошок на течниот нафтен гас употребен во процес на производство или како додаток на друго минерално масло во индустријата,изјава на одговорното лице на барателот за потрошен течен нафтен гас употребен во процес на производство или како додаток на друго минерално масло во индустријата во претходните три календарски години, распоредени по месеци и изјава на одговорното лице на барателот за планирана потрошувачка на течен нафтен гас употребен во процес на производство или како додаток на друго минерално масло во индустријата во тековната и наредната календарска година, распоредена по месеци.

26. Кон секое наредно барање во текот на годината, потребно е да бидат доставени следните документи:
    - Фактура за набавен течниот нафтен гас се издава за потрошок во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата или царинска декларација за увезен течен нафтен гас во која се содржани податоците за набавената количина изразена во килограми и износот на платената акциза во

висина утврдена со Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба („Сл. весник на РСМ" број 169/2020) и Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Сл. весник на РСМ" број 77/21);

- Докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење (Испратница од продавачот со датум на испорака, уредно потпишана од лицето кое извршило испорака);
- Потврда од Управа за јавни приходи не постара од 30 дена (оригинал) како доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни обврски;
- Изјава за непроменети услови за користење на течниот нафтен гас се издава за потрошок во процес на производство или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во индустријата, како и во периодот на првото доставено барање за враќање на акцизата во тековната година.

Покрај горенаведените документи, самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила, за секое барање за враќање на акциза за течниот нафтен гас употребен во процес на производство, потребно е да обезбеди и потврда од Одделението за наплата на приходи – СФП со која се потврдува дека барателот нема неизмирени царински долгови и потврда од Одделението за правни работи, застапување и управна постапка при СПР со која се потврдува дека против подносителот на барањето не се водат управни постапки по кои би можел да настане царински долг.

## IV. Постапка на враќање на дел од платена акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата

27. Доколку со проверката на барањето се утврди дека дока поднесените документи наведени во точка 22 од ова Упатство се прифатливи, како и податоците наведени во електронското барање се целосни и точни и се совпаѓаат со приложените документи, самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила изготвува решение за враќање на акцизата на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа кое го донесува помошникот директор на Секторот за акцизи или од него овластено лице и ја

прифаќа поднесената декларација за поврат на акцизи во СОЦДАД откако решението ќе стане извршно.

28. Доколку доставените документи се непотполни, самостојниот советник/советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила по електронска пошта или на образец надворешна комуникација се обраќа до барателот да достави дополнителни податоци во рок од најмалку 8 работни дена. Доставувањето на дополнителни податоци се врши електронски и во хартиена форма. Откога дополнителните податоци ќе бидат доставени, самостојниот советник/советник во рок од 2 работни дена ги проверува истите и доколку се во ред, ја спроведува постапката како што е опишано во точка 27 од ова Упатство.

29. По финализирањето на декларацијата, постапката за враќање на дел од платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинството, продолжува во СФП – Одделение за наплата на приходи, кој врши враќање на финансиските средства на барателот.

30. Доколку податоците не се доставени во бараниот рок или истите се несоодветни, самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила изготвува соодветно решение за прекинување на постапката или за одбивање на барањето на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа кое го донесува помошникот директор на Секторот за акцизи или од него овластено лице, а во СОЦДАД ја избира декларацијата и во менито „Дејства", избира „Одбиј барање" или „Откажи барање"

## V. Постапка на враќање на дел од платената акциза заобележано гасно масло и течен нафтен гас употребени во индустријата

31. Началникот на Одделението за енергенти, електрична енергија и моторни возила, секојдневно врши проверка на поднесени барања за враќање на дел од платената акциза во модулот Акцизи. Проверката ја врши со избирање на мени „Декларации за акцизи" подмени „Поврати на акцизи". Потоа се избира „Пребарување на барање за поврат", при што во полето „Вид на корисник за поврат" се избира соодветниот корисник. Поднесените барања во хартија ги распределува за работа на самостојниот советник/советник за енергенти,

електрична енергија и моторни возила во Одделението за енергенти, електрична енергија и моторни возила.

32. Самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила врши проверка на поднесените барања за враќање на дел од платената акциза и тоа најкасно во рок од 5 работни дена од нивното поднесување во хартиена форма.

    Доколку доставените документи се непотполни, самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила по електронска пошта или на образец надворешна комуникација се обраќа до барателот за доставување на дополнителни податоци во рок од најмалку 8 работни дена. Доставувањето на дополнителни податоци се врши електронски и во хартиена форма. Откога дополнителните податоци ќе бидат доставени, самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила во рок од 2 работни дена врши проверка на доставените податоци и документи.

33. Доколку доставените податоци и документи се соодветни на барањето спроведува понатамошна постапка која опфаќа барање податоци од Одделението за наплата на приходи – СФП дали барателот има неизмирени царински долгови и од Одделението за правни работи, застапување пред судовите и управна постапка при СПР дали против подносителот на барањето се водат управни постапки по кои би можел да настане царински долг. Доколку се работи за прво поднесено барање во текот на годината, поднесува барање за вршење надворешна контрола до ОКТД. Истовремено врши прифаќање на барањето во СОЦДАД и го доведува во статус „под контрола".

34. По добивање на податоците, односно записникот за извршена контрола, самостојниот советник изготвува соодветно решение согласно наодот. Решението за враќање на дел од платена акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата се изготвува на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа кое го донесува помошникот директор на Секторот за акцизи или од него овластено лице и истото може да биде целосно или делумно уважено. Откако решението ќе стане извршно, самостојниот советник врши електронско прифаќање во СОЦДАД и го доведува до статус „Финализирано".

35. Доколку дополнителните податоци и документи не се доставени во бараниот рок или истите се несоодветни, самостојниот советник/советник изготвува соодветно решение за одбивање на барањето или за прекинување на постапката на образец за Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа кое го донесува помошникот директор на Секторот за акцизи или од него овластено лице. Во СОЦДАД во менито „Дејства", во зависност од одлуката се избира едно од дејствата „Откажи барање" или „Одбиј барање".

36. Со финализирањето на декларацијата, постапката за враќање на дел од платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење во процес на производство продолжува во СФП - Одделение за наплата на приходи, кој врши враќање на финансиските средства на барателот.

37. Примерок од донесените решенија се доставува до СФП и ОКТД преку ЕДМС.

## VI. Надворешна контрола на исполнетоста на условите за враќање на акцизата за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата

38. Барањето за надворешна контрола до ОКТД по правило се поднесува еднаш годишно по приемот на првото барање во текот на годината заедно со придружната документација на образец за интерна комуникација согласно Упатството за изглед и структура на документацијата на Царинската управа. Со контролата треба да се утврди исполнетоста на условите за враќање на акцизата за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата. Секое следно барање во тековната година за истиот субјект барател, се обработува од страна на самостојниот советник/советник за енергенти, електрична енергија и моторни возила, без извршена контрола, а контролата во наредната година ги опфаќа и останатите барањата кои биле поднесувани во периодот од првата односно последната извршена контрола.

39. Постапката за утврдување на исполнетоста на условите за враќање на акцизата за обележано гасно масло наменето за греење или ТНГ во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата по поднесено барање од Сектор за акцизи, ОКТД ја врши преку

контрола на материјалното и финансиското работење на подносителот на барањето поврзано со набавката, складирањето и користењето на овие енергенти за кои се бара враќање на платената акциза, како и контрола на документацијата со која располага подносителот на барањето, за производната постројка и инсталацијата за користење.

40. При вршење на контролата на исполнетоста на условите за враќање на дел од платената акциза, ОКТД ги утврдува:
    - точните количини на залиха и точните количини на набавено обележаното гасно масло за греење или ТНГ за периодот за кој подносителот поднел барање за враќање на акцизата;
    - точните количини на потрошено обележаното гасно масло за греење или ТНГ за периодот за кој се бара враќање на акцизата;
    - влезните фактури или царинските декларации за набавените количини на обележаното гасно масло за греење или ТНГ со цел да утврди дали акцизата е платена согласно Законот за акцизите.

41. За утврдената исполнетост на условите за враќање на акцизата за обележаното гасно масло за греење или ТНГ употребени во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, ОКТД составува записник, од кои еден примерок му доставува на подносителот на барањето, а еден примерок заедно со барањето и придружната документација го доставува до СА – Одделение за енергенти, електрична енергија и моторни возила на натамошна постапка за донесување на соодветна одлука по барањето. Врз основа на наодот од записникот за извршена контрола, самостојниот советник/советник во Одделение за енергенти, електрична енергија и моторни возила ги проверува наодите и податоците од спроведената контрола од страна на ОКТД и доколку истите се соодветни на податоците во поднесеното електронско барање, ја спроведува постапката на начин опишан во точките 34 - 37 од ова упатство.

42. Доколку со записникот се утврдени помали неусогласености помеѓу фактичката состојба и поднесеното барање, а кои можат да бидат прифатени, самостојниот советник/советник во електронскиот записник во контролниот акт во полето „резултати од контрола" избира „помали неусогласувања", и го известува подносителот на барањето да ја направи потребната корекција во декларацијата.

43. Доколку со записникот се утврдени поголеми неусогласувања од кои произлегува делумно прифаќање на барањето, самостојниот советник/советник во електронскиот запис во контролниот акт во полето „резултати од контрола" избира „поголеми неусогласувања" и врши корекција на количините и износот на враќање на акцизата. Понатаму постапката продолжува на начин опишан во точките 34-37 од ова Упатство.

## VII. Завршни одредби

44. Одговорни за спроведување на ова Упатство се вработените во СА, СФП, СПР, СКИ, царинарниците и Комисијата за вршење контрола.

45. Надлежни за предлагање измени и дополнувања на ова Упатство се помошник директорот на СА, помошник директорот на СФП, помошник директорот на СКИ и управниците на царинарниците.

46. Контрола на спроведувањето на одредбите од ова Упатство врши Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

47. Секое постапување спротивно на ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

48. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

49. СА во соработка со Службата за правни работи при СПР е должен да обезбеди објавување на донесеното Упатство согласно Процедурата за депозитар на документација.

50. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

51. Со влегување во сила на ова Упатство престануваат да важат 01.30.37.УП.012.01 Упатство за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинствата и во процес на производство број 01-030617/21-0001 од 24.06.2021 година и 01.30.37.УП.001.04 Упатство за начинот и постапката за

враќање на акциза за употребен течен нафтен гас (ТНГ) во процес на производство број 01-014004/15-0004 од 28.05.2018 година.

в.д. Директор
Стефан Богоев

Бр. 01 - 016702/22 – 0002
Скопје, 11-08-2023

Изработил: Сања Убавкова
Одобрил: Ренезијана Кипријанова
Согласен: Мелиха Панева

Прилози:

- 01.30.37.УП.016.01-ОБ.01.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства
- 01.30.37.УП.016.01-ОБ.02.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства-ЗУЈ
- 01.30.37.УП.016.01-ОБ.03.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата
- 01.30.37.УП.016.01-ОБ.04.01 Записник за исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата- ЗУЈ

Упатството го подготви: Сектор за акцизи

Приматели: Директор,
Заменик директор,
Советници на директорот,
Помошници директори на сектори,
Началници на независни одделенија,
Управници на царинарници

Примерок доставен: Интерна

Оригиналот се чува во: Сектор за акцизи
Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.37.УП.016.01-ОБ.01.01

# ЗАПИСНИК

## За исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства

| | | |
|---|---|---|
| I. | **Податоци за подносителот на барањето за Одобрение за корисник на обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства** | |
| 1. | Име и презиме на барател | |
| 2. | Матичен број | |
| 3. | Место на живеење | |
| 4. | Адреса | |
| 5. | Телефон за контакт | |
| 6. | Електронска адреса (е – маил) | |
| II. | **Опис на локација на складирање и употреба на гасното масло** | |
| 1. | Локација на складирање (место, капацитет, технички карактеристики на резервоари): ☐ | |
| 2. | Локација на опремата за користење на обележаното гасно масло за греење ( место на употреба, технички карактеристики на опремата за користење на обележаното гасно масло) ☐ | |
| 3. | Забелешка:<br>Фото запис-слика | |
| 4. | Наод од контролата ( се избира зависно од резултатите од проверката) | |
| 4.1 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи СЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење и врз основа на тоа се констатира дека СЕ исполнети условите за регистрирање на | ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| | барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло наменето за греење. | |
| 4. 2 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи НЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење и врз основа на тоа се констатира дека НЕ се исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло наменето за греење. | ☐ |

Комисија за проверка на условите за враќање на акциза на обележано гасно масло наменето за греење

1.______________________________
2.______________________________
3.______________________________

Бр. XXXXXXXXXXXXX
Место и датум,XXXXXX

Доставено до:
- Сектор за акцизи,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА / DREJTORIA E DOGANAVE

01.30.37.УП.016.01-ОБ.02.01

# ЗАПИСНИК/PROCESVERBAL

## За исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства / Për plotësimin e kushteve për rimbursim të akcizës për gaz naftë të markuar për ngrohje në amvisëri

| | | |
|---|---|---|
| I. | Податоци за подносителот на барањето за Одобрение за корисник на обележано гасно масло наменето за греење во домаќинства / Të dhënat e parashtruesit për Autorizimin e përdoruesit të gazit të markuar të destinuar për ngrohje në amvisëri / | |
| 1. | Име и презиме на барател / Emri i parashtruesit | |
| 2. | Матичен број / Numri amë | |
| 3. | Место на живеење / Vendbanimi | |
| 4. | Адреса / Adresa | |
| 5. | Телефон за контакт / Telefoni i kontaktit | |
| 6. | Електронска адреса (е – маил) Adresa elektronike (e-mail) | |
| II. | Опис на локација на складирање и употреба на гасното масло / Përshkrimi i vendndodhjes së ruajtjes dhe përdorimit të gazit | |
| 1. | Локација на складирање (место, капацитет, технички карактеристики на резервоари) / Vendi i ruajtjes (vendi, kapaciteti, karakteristikat teknike të rezervuarëve): ☐ | |
| 2. | Локација на опремата за користење на обележанота гасно масло за греење ( место на употреба, технички карактеристики на опремата за користење на обележаното гасно масло) / Vendndodhja e pajisjeve për përdorimin e gazit të markuar për ngrohje (vendi i përdorimit, karakteristikat teknike të pajisjeve për përdorimin e gazit të markuar) ☐ | |
| 3. | Забелешка / Shënim:<br>Фото запис-слика / Foto regjistrim - imazh | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 4. | Наод од контролата ( се избира зависно од резултатите од проверката) / Gjetja nga kontrolli (zgjidhet në varësi të rezultateve të kontrollit) | |
| 4.1 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи СЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење и врз основа на тоа се констатира дека СЕ исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло наменето за греење / Nga kontrolli në terren rezultoi se të dhënat në kërkesën e paraqitur dhe dokumentet e bashkangjitura PËRPUTHEN me gjendjen faktike të vendit të ruajtjes dhe përdorimit të gazit të markuar për ngrohje dhe në bazë të kësaj konstatohet se kushtet për regjistrimin e parashtruesit në regjistrin e përdoruesve të gazit të markuar për ngrohje janë përmbushur. | ☐ |
| 4.2 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи НЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење и врз основа на тоа се констатира дека НЕ се исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло наменето за греење / Nga kontrolli në terren rezultoi se të dhënat në kërkesën e parashtruar dhe dokumentet e bashkangjitura NUK përputhen me gjendjen faktike të vendit të ruajtjes dhe përdorimit të gazit të markuar për ngrohje dhe në bazë të kësaj konstatohet se kushtet për regjistrimin e parashtruesit në regjistrin e përdoruesve të gazit të shënuar për ngrohje nuk janë përmbushur. | ☐ |

Комисија за проверка на условите за враќање на акциза на обележано гасно масло наменето за греење / Komisioni për kontrollin e kushteve për rimbursim të akcizës për gazin e markuar të destinuar për ngrohje

1.______________________

2.______________________

3.______________________

Бр / Nr. XXXXXXXXXXXXX
Место и датум / Vendi dhe data,XXXXXX

Доставено до / Dorëzohet:
- Сектор за акцизи / Sektorit të Akcizave ,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.37.УП.016.01-ОБ.03.01

# ЗАПИСНИК

## За исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата

| I. | Податоци за подносителот на барањето за Одобрение за корисник на обележано гасно масло и ТНГ употребено во процес на производство во индустријата | |
|---|---|---|
| 1. | Назив | |
| 2. | Даночен број | |
| 3. | Седиште | |
| 4. | Адреса и град | |
| 5. | Одговорно лице | |
| 6. | Податоци за контакт(телефон и електронска адреса) | |
| 7. | Дејност | |
| 8. | Локации на складирање и употреба на обележано гасно масло | |

| II. | Опис на локација на складирање и употреба на гасното масло за греење или ТНГ употребено во процес на производство во индустријата |
|---|---|
| 1. | Локација на складирање (место, капацитет, технички карактеристики на резервоари): |
| 2. | Локација на опремата за користење на обележаното гасно масло за греење или ТНГ употребено во индустријата (место на употреба, технички карактеристики на опремата за користење на обележаното гасно масло) |
| 3. | Детален опис за начинот на користењето на обележаното гасно масло за греење или ТНГ во процесот на производство или како додаток на друг енергент како гориво за |

| | | |
|---|---|---|
| | греење во индустријата: | |
| 4. | Забелешка:<br>Фото запис-слика | |
| 5. | Наод од контролата ( се избира зависно од резултатите од контролата) | |
| 5.1 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи СЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење/ТНГ и врз основа на тоа се констатира дека СЕ исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата. | ☐ |
| 5.2 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи НЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење/ТНГ и врз основа на тоа се констатира дека НЕ се исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата. | ☐ |

Комисија за проверка на условите за враќање на акциза на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата.

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

Бр. XXXXXXXXXXXXX
Место и датум,XXXXXX

Доставено до:
- Сектор за акцизи

# ЗАПИСНИК/PROCESVERBAL

За исполнетост на условите за враќање на акциза за обележано гасно масло и ТНГ употребени во процес на производство во индустријата / Për plotësimin e kushteve për rimbursim të akcizës për gazin e markuar dhe GLN-në e përdorur në procesin e prodhimit në industri

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **Податоци за подносителот на барањето за Одобрение за корисник на обележано гасно масло и ТНГ употребено во процес на производство во индустријата / Të dhënat për parashtruein e kërkesës për Autorizimin për përdorues të gazit të markuar dhe GLN-së që përdoret në procesin e prodhimit në industri** | |
| 1. | Назив / Emri | |
| 2. | Даночен број / Numri tatimor | |
| 3. | Седиште / Selia | |
| 4. | Адреса и град / Adresa dhe qyteti | |
| 5. | Одговорно лице / Personi përgjegjës | |
| 6. | Податоци за контакт(телефон и електронска адреса) / Të dhënat e kontaktit (telefoni dhe adresa elektronike) | |
| 7. | Дејност / Veprimtaria | |
| 8. | Локации на складирање и употреба на обележано гасно масло / Vendndodhja e ruajtjes dhe përdorimit të gazit të markuar djegës | |
| **II.** | **Опис на локација на складирање и употреба на гасното масло за греење или ТНГ употребено во процес на производство во индустријата / Përshkrimi i vendndodhjes së ruajtjes dhe përdorimit të naftës për ngrohje me gaz ose GLN-së që përdoret në procesin e prodhimit në industri** | |
| 1. | Локација на складирање (место, капацитет, технички карактеристики на резервоари) / Vendi i ruajtjes (vendi, kapaciteti, karakteristikat teknike të rezervuarëve): | |
| 2. | Локација на опремата за користење на обележаното гасно масло за греење или ТНГ употребено во индустријата (место на употреба, технички карактеристики на | |

| | | |
|---|---|---|
| | опремата за користење на обележаното гасно масло) / Vendndodhja e pajisjeve për përdorimin e gazit të markuar për ngrohje ose GLN-së që përdoret në industri (vendi i përdorimit, karakteristikat teknike të pajisjes për përdorimin e gazit të markuar): | |
| 3. | Детален опис за начинот на користењето на обележаното гасно масло за греење или ТНГ во процесот на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата / Përshkrimi i detajuar i metodës së përdorimit të gazit të markuar për ngrohje ose GLN në procesin e prodhimit ose si shtesë në një burim tjetër energjie si lëndë djegëse për ngrohje në industri : | |
| 4. | Забелешка / Shënim:<br>Фото запис-слика / Foto regjistrime-imazhe: | |
| 5. | **Наод од контролата (се избира зависно од резултатите од контролата) / Gjetjet nga kontrolli (zgjidhet në varësi të rezultateve të kontrollit)** | |
| 5.1 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи СЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење/ТНГ и врз основа на тоа се констатира дека СЕ исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата / Nga kontrolli në terren rezultoi se të dhënat në kërkesën e paraqitur dhe dokumentet e bashkangjitura, PËRPUTHEN me gjendjen faktike të vendit të ruajtjes dhe përdorimit të gazit të markuar për ngrohje/GLN, dhe në bazë të kësaj është konstatuar se kushtet për regjistrimi të parashtruesit në regjistrin e përdoruesve për gaz të markuar nafte/GLN që përdoret në procesin e prodhimit në industri janë përmbushur. | ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| 5. 2 | Теренската контрола покажа дека податоците во доставеното барање и приложените документи НЕ се совпаѓаат со фактичката состојба на местото на складирање и употреба на обележаното гасно масло за греење/ТНГ и врз основа на тоа се констатира дека НЕ се исполнети условите за регистрирање на барателот во регистарот на корисници на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата / Nga kontrolli në terren rezultoi se të dhënat në kërkesën e dorëzuar dhe dokumentet e bashkangjitura NUK përputhen me gjendjen faktike të vendit të ruajtjes dhe përdorimit të gazit të markuar për ngrohje/GLN dhe në bazë të kësaj është konstatuar se kushtet për regjistrimin e parashtruesit në regjistrin e përdoruesve të gazit të markuar/GLN të përdorur në procesin e prodhimit në industri nuk janë përmbushur. | ☐ |

Комисија за проверка на условите за враќање на акциза на обележано гасно масло/ТНГ употребено во процес на производство во индустријата / Komisioni për kontrollin e kushteve për rimbursimin e akcizës për gazin e markuar/GLN të përdorur në procesin e prodhimit në industri.

1.______________________

2.______________________

3.______________________

Бр/Nr. XXXXXXXXXXXXX
Место и датум / Vendi dhe data ,XXXXXX

Доставено до / Dorëzohet:

- Сектор за акцизи / Sektorit të Akcizave